


# ВО ГОРНА ПРЕСПА КАКО ДОМА (6)

## ВО ПОДНОЖЈЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ГАЛИЧИЦА

**Се смета дека во регионот на Галичица од Петрино до Сир Хан престојувале браќата Климент и Наум Охридски. Тука тие ја започнале и ја извршувале својата дејност во Девол. Претпоставка е дека Девол се наоѓал на северозападниот дел на Преспанската Котлина**

Ако Охридското и Преспанското Езеро се одликуваат со сината боја на водата, бројните видови риби и култивираните брегови на кои се изградени бројни туристички објекти, тогаш планината Галичица се наметнува со своите високи варовнички гребени, богатите планински пасишта, поволните климатски услови и разновидната ендемична флора и фауна.

Заради особените природни убавини и карактеристичниот растителен и животински свет на шумите и шумските предели на планинската убавица Галичица, еден поголем дел од неа, на површина од околу 23 илјади хектари, во 1958 година е прогласен за Националнен парк.

Националниот парк Галичица започнува кај манастирот Света Петка во Велгошти, кај Охрид, продолжува во права линија до планинските височини кон исток, а од таму, по долината на Петрино, месноста Исток, до врвот Самар, и од таму се спушта до месноста Сир Хан во близина на Преспанското Езеро. Источната граница оди по брегот на Преспанското Езеро до албанската граница и го опфаќа островот Голем град во Преспанското Езеро.



*Поглед од Галичица кон Преспа*

Заради тоа што почвата е од варовник кој не држи вода, Галичица, особено на преспанскиот дел е една од најсушните планини во Македонија. Ваквата геолошка структура и присуството на карстните геоморфолошки форми на планината и’ даваат изглед сличен на планините од Динарскиот систем. Од другата страна, пак, во подножјето на планината во близина на Охридското Езеро изобилува со извори на вода, особено кај манастирот "Св Наум Охридски".

Националниот парк Галичица особено се истакнува по големото флористичко богатство. Тука има голем број видови растенија, претставници на различни флорни елементи. Наоѓалиштата за некои од растителните видови на Галичица се единствени за територијата на Република Македонија. За одбележување е присуството на дивите животни, како што се дивата коза, рисот и мечката.

Националниот парк Галичица има места тешко достапни, но затоа е доста популарна дестинација за параглајдерство ентузијасти. Најчесто точка за полетување се локациите на регионалниот пат Охрид-Трпејца-Царина-Ресен, и безбедно се слетува на плажата кај авто кампот "Љубаништа".

Исто така, според бројните проучувања на различни научници, во регионот на Галичица од Петрино до Сир Хан престојувале браќата Климент и Наум Охридски. Тука тие ја започнале и ја извршувале својата дејност во Девол. Претпоставка е дека Девол се наоѓал на северозападниот дел на Преспанската Котлина.

На потегот од селото Лавци (Градот), преку селата Стипона, Евла до Петрино и Болно, каде постоеле три траси на Виа Игнација се наоѓаат остатоци од стари населби. Да се надеваме дека во иднина тие ќе бидат испитани и ќе излезе на видело една голема вистина за македонскиот народ, за Преспа и за Македонија.


НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА"
NATIONAL PARK "GALICHICA"






2 5 2005





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**